## 1.2. Економска активност

*Физичкиот обем на индустриското производство во ноември 2003 година беше понизок за 5,5% на месечна основа...*

Во ноември 2003 година физичкиот обем на индустриското производство забележа пад од 5,5% на месечна основа. Регистрираниот пад е вообичаен за овој месец од годината, поради високата споредбена основа од октомври, кога вообичаено се регистрираат двоцифрени стапки на месечен пораст на индустриското производство (сепак, во октомври 2003 година беше регистриран умерен пораст). Анализирано според главни групи на индустриски производи, намалување бележи производството на интермедијарни производи (освен енергија), капитални производи и трајни производи за широка потрошувачка за 50,9%, за 16,6% и за 14,6%, соодветно. Притоа, високиот пад регистриран кај наведените групи на индустриски производи не беше целосно нивелиран со порастот на производството на нетрајни производи за широка потрошувачка и на енергија (за 30,9% и за 0,6%, соодветно). Секторски анализирано, месечниот пад на индустриското производство главно се должи на регистрираниот пад на производството во преработувачката индустрија за 5,1%, како сектор кој опфаќа 89,9% од вкупното индустриско производство. Притоа, речиси кај сите позначајни преработувачки гранки беше регистриран пад на производството. Највисок пад од 80,8% бележи производството на основни метали (првенствено поради високата споредбена основа од претходниот месец). Од друга страна, производството на прехранбени производи и пијалоци оствари висок пораст од 35,7%, делумно како одраз на ниската споредбена основа од претходниот месец.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




*...додека на годишна и кумулативна основа беше повисок за 0,5% и 6,1%, соодветно*

Индустриското производство во ноември 2003 година во однос на истиот месец од 2002 година е повисоко за 0,5%, што се должи на зголеменото производство на нетрајни производи за широка потрошувачка (за 2,3 пати) и на трајни производи за широка потрошувачка (за 26,2%). На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-ноември 2003 година, во однос на истиот период од претходната година е повисоко за 6,1%. Главни носители на порастот се зголеменото производство на нафтени деривати, основни метали и прехранбени производи и пијалоци.

**Интензивирање на порастот на бруто домашниот производ во третиот квартал од 2003 година**

Како резултат на позитивните економски остварувања, во третиот квартал од 2003 година дојде до интензивирање на реалниот пораст на бруто домашниот производ, кој достигна 5,2%* во однос на истиот период од 2002 година. Притоа, реален пораст е остварен во сите сектори, а најизразен е во индустријата (14,4%). Со тоа, учеството на овој сектор во создавањето на БДП достигна 24,1% (пораст за 2 процентни поени), додека учествата на останатите сектори се речиси непроменети. Додадената вредност во трговијата (11,5% од БДП) и во земјоделството (9,3% во БДП) е зголемена за 3,5%, односно 3,8%, соодветно. Секторите "сообраќај, складирање и врски" и "градежништво" остварија идентичен реален пораст од 3,4% и сочинуваат 8,3%, односно 5,8% од БДП, соодветно.

Анализата на расположливите податоци за движењето на расходните агрегати на БДП укажува на значителен номинален пораст на извозот и увозот на стоки и услуги во третиот квартал од 2003 година (за 13,1% и за 7,4%, соодветно, согласно интензивираната надворешно-трговска активност), при истовремено намалување на инвестициите и јавната потрошувачка (за 2,1% и за 0,9%, соодветно).

* Проценет податок на Државниот завод за статистика.